РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 127/7
13.10. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 41 седница одржана на 10.10.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Меѓународно јавно право, меѓународно односи и право на Европската Унија", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) , на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1.Се акредитира студиската програма „Меѓународно јавно право, меѓународно односи и право на Европската Унија", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по право во областа на Меѓународно јавно право, меѓународно односи и право на Европската Унија /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Laws (LL.M.) in the area of Public International Law, international relations and EU Law.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.05 Право, Научно – истражувачка област: Меѓунардоно јавно право (5.05.00.11) -Право на Европската Унија (5.05.00.15) -Меѓународни односи и меѓународни организации (5.05.00.13) -Право на животна средина (5.05.00.14) -Друго (5.05.00.23).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-155/2 од 30.01.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународно јавно право, меѓународно односи и право на Европската Унија", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.09-1375/7 од 31.01.2025 година (наш бр. 08 - 127/1 од 31.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.20245година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 127/6 од 10.10.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 41-та седница одржана на 10.10.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски